1.157.4.32/140 140

# Д О К Л А Д

от Д-р Благой П.Васков,раководител на ветеринарното отделение при Поверенство за Народно Стопанство во гр.Скопие.

Другар Повереник,

Ветеринарната медицина во обновата на народното стопанство во Македония,исто ко и во секоя друга земя,зема големо участие како во здравословен така и во социален смисол.

Ветеринарната медицина за да ги изкорени сите аномални койи го нагризуват и спречават развитако на стопанството и со то нанесуват големи стопански загуби,требе незабавно да поведе организована борба за што по-скорошна ликвидация на тийе пречки от най-различен характер,било от това што немаме достатачен кадар от ветеринарни лекари,било от това што не разполагаме со достатачни количества от био-препарати,медикаменти,инструменти и превръзочни материали.Првото ке биде поскоро и полесно отстранено,ако се дават на ветеринарниот лекар во Македониа ониа разположиви средства,што ги имаат нашите комшии.

Затова,апелирам на Вас,да направите се што е возможно,да дойдеме до нужните лекарства,за да можеме да го спасиме нашето скотоводство от инвазии на разни заразни,паразитарни и органически болести и по той начин помогнемо издигането на народното стопанство во Македония,бидейки, како Ви е познато,добар дел от нашио народ се занимава со отгледуене на домашен добиток,а во некой места му е главен поминок.

Во случай да се яват инвазии на заразни и паразитарни болести по домашнио добиток во по-големи размери,што не е изключено во денешно време кога станует големи раздвижвания на добиток,народното стопанство ке претрпи големи загуби.Тиа загуби нема да можат да се надоваксат во ред години.

Био-препарати,медикаменти,инструменти и превързочни материали за сега би могло да се достават от Блгариа,а по-доцна,до колку се останати ветеринарно-бактериологическите институти,от другите федерални државй на Югославиа.

Молам,овой вопрос да се земе на разгледуене што по-скоро от Президиумот на АСНОМ,оти во много места на Македониа веке се явуят заразни и паразитарни болести по домашнио добиток и се сакаат медикаменти и др.,а отделението не може да даде саканото.

Прилагам список за необходимите материали и сметам,оти ке струвуат приблизително околу 6.000.000 лева.

Надевам се оти правилно ке се схване горното изложение и наполно ке се задоволат нуждите на ветеринарното отделение.

гр.Скопие,22.XII.1944 година.

РАКОВОДИТЕЛ: Васков
/ Д-р Б. Васков /

ПОВЕРЕНСТВО за НАРОДНО СТОПАНСТВО
ПРИ ПРЕЗИДИУМОТ НА
АСНОМ
Бр. 905
26.XII 1944 г.
СКОПЈЕ